HALKBANK

# Општи услови за користење на СМС услугата од Халкбанк АД, Скопје

1. **Вовед**
   Со општите услови за користење на СМС услугата се утврдуваат правата и обврските на корисниците на оваа услуга, иматели на картички издадени од Халкбанк АД, Скопје
2. **Карактеристики на СМС услугата**
   СМС услугата му овозможува на корисникот преку СМС порака да добие информација на мобилен телефон за секоја успешна или неуспешна трансакција со платежна картичка од Халкбанк АД, Скопје реализирана преку банкомат,ПОС терминал и Интернет.
   Известувањето ги опфаќа сите картички на подносителот на барањето, основни,дополнителни кредитни и дебитни картички издадени од Халкбанк АД, Скопје
   СМС Известувањето ги опфаќа: моментално расположлива состојба на картичката, износот, местото и датумот на следните трансакции:
   - Подигање на готовина од банкомат,
   - Подигање на готовина од ПОС терминал на шалтери во Банките,
   - Трансакција на ПОС терминал,
   - Интернет трансакции,
   - Проверка на состојба на картичката на банкомат
3. **Предности на услугата**
   - Заштита од злоупотреба
     Во случај на добивање на СМС известување за трансакција која не е направена од Ваша страна или од страна на имателите на дополнителни картички, веднаш блокирајте ја картичката на следниот телефон: **02/3296 330 (24/7) или на е-маил: Help24@halkbank.mk**
   - Заштита од повеќратно извршување на иста трансакција на ПОС терминали
   - Проверка на износот од извршената трансакција
4. **Начин на користење на СМС услугата**
   За користење на СМС услугата клиентот /подносител на Барањето, истото го пополнува и доставува до Банката со цел користење на услугата на некој од следниве начини:
   - во филијалите/експозитурите на Халкбанк АД, Скопје
   - на web страната на Халкбанк АД, Скопје
5. **Прекин на користење на услугата СМС услугата**
   Прекин на користење на услугата може да настане на барање на Банката или на барање на корисникот.
   **Корисникот** може привремено или трајно да ја откаже СМС услугата за што поднесува до Банката барање за престанок на услугата на начин предвиден во точка 4 од ова упатство со што Банката ја прекинува употребата на услугата.
   **Банката** има право да го прекине користењето на услугата без претходно образложение доколку корисникот не ги почитува општите услови за користење на услугата и нередовно го подмирува месечниот надомест за услугата.
6. **Трошоци за користење на СМС услугата**
   Банката за користење на услугата пресметува и наплатува од трансакциската сметка на корисникот месечен надомест во износ од 30,00 МКД. Надоместокот е променлив согласно Тарифата на надоместоци и услуги на Халкбанк АД, Скопје. Во случај корисникот на услугата да нема доволно средства на трансакциската сметка, Банката без претходна најава врши наплата на надоместокот од расположливите средства на корисникот во Банката по сите основи. Во услови на неплатени три последователни месечни надоместоци, Банката еднострано го прекинува користењето на услугата.

## Барање за користење/прекин на СМС услуга

☐ Ве молам да ми овозможите користење на СМС услугата.

☐ Ве молам да ми овозможите користење на СМС услугата со прикажување на моментално расположлива состојба на картичката.

☐ Ве молам да ми овозможите прекин на СМС услугата.

## Податоци за подносителот на Барањето

| | |
|---|---|
| **Име и Презиме:** | |
| **Матичен број:** | |
| **Адреса:** | |
| **E mail:** | |

**Мобилен телефон за основна картичка:**
**Тип на картичка: Visa Electron** ☐ **Visa PayWave Electron** ☐ **Visa Platinum** ☐
**Visa Business Debit** ☐ **Visa Business** ☐
**Visa Classic Credit** ☐ **Visa PayWave Credit** ☐ **Visa Gold** ☐
**Master Card Debit Contactless** ☐ **Master Card Standard** ☐
**Master Card Contactless** ☐ **Master Card World** ☐ **Master Card Business Debit** ☐
**Master Card Business Revolving** ☐ **Co-Brand** ☐

**Мобилен телефон за дополнителна картичка:**
**Тип на картичка: Visa Electron** ☐ **Visa PayWave Electron** ☐ **Visa Platinum** ☐
**Visa Business Debit** ☐ **Visa Business** ☐
**Visa Classic Credit** ☐ **Visa PayWave Credit** ☐ **Visa Gold** ☐
**Master Card Debit Contactless** ☐ **Master Card Standard** ☐
**Master Card Contactless** ☐ **Master Card World** ☐ **Master Card Business Debit** ☐
**Master Card Business Revolving** ☐ **Co-Brand** ☐

Со потпишување на ова барање потврдувам дека сите податоци од Барањето се точни и вистинити и ја овластувам Халкбанк АД, Скопје податоците од ова Барање, вклучително и личните податоци, да ги користи при вршење на работи кои произлегуваат од делокруг на работење на Банката: обработка, следење, директен маркетинг и/или други дејствија во рамките на банкарското работење како и да ги стави на увид на овластени лица во Банката или на трети лица согласно Законот. Корисникот има право во секое време, без надомест и со писмено барање да да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.

Изјавувам дека ги прифаќам и ќе постапувам согласно Општите услови за користење на СМС услугата на Халкбанк АД, Скопје што се составен дел на ова Барање.

**Место и датум** ________________

**Потпис на подносителот на Барањето**

_______________________________

## Пополнува Банката

| | |
|---|---|
| **Датум на прием на Барањето:** | |
| **Експозитура:** | |
| **Барањето го примил и одобрил:** | |
| **Потпис:** | |

* Ве молиме барањето да биде јасно пополнето од Ваша страна